**20191812787**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, оддржана на 27 август 2019 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/19 и 120/19 ) во членот 2 став (3) во табелата по подмерката 2.19. се додава нова подмерка 2.20. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.20. | Директни плаќања за заклани животни од видот свињи во одобрени кланични капацитети со кои Агенција за храна и ветеринарство има склучено договор заради депопулација | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат регистрирано одгледувалиште на животни од видот свињи кои не се во можност да ги применат основните биосигурносни мерки од Годишната наредба за здравствена заштитна на животните во 2019 година и предале или заклале свињи заради депополација во периодот од 1 септември 2019 година до 15 ноември 2019 година во одобрени кланични капацитети со кои Агенција за храна и ветеринарство има склучено договор заради депопулација<br><br>- Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по обележано грло заклано заради депопулација |

“

Во ставот (8) зборовите „подмерката 1.20.“ се заменуваат со зборовите „подмерките 1.20. и 2.20.“

Член 2

Во членот 3 став (1) по зборовите „став (2)“ се додаваат зборовите „и подмерката 2.20. од членот 2 став (3)“.

По ставот (23) се додава нов став (24) кој гласи:

„ (24) Реализацијата на подмерката 2.20. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година ќе се врши според список на заклани обележани свињи заради депопулација, изработен од Агенцијата за храна и ветеринарство доставен до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој најдоцна до 30 ноември 2019 година.“

Член 3

Во членот 4 во точката 3 зборовите „1.8-а.“ се бришат.

По точката 4 се додава нова точка 5 која гласи:

„ 5. До 15 октомври 2019 година за подмерката 1.8-а. од член 2 став (2) од оваа уредба“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-6588/1
27 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.